Назив на возило	Модел	Тип	Година на производство	Капацитет ($м^3$)	Вкупен број вакви возила
ТРАКТОР	ИМТ 539		1985		2
ЛАДА	НИВА	ТЕРЕНСКО ВОЗИЛО	1986		1

4 Акциски план за 2024-2025

ОПШТИНА СТРУГА

Приоритет 1	**Обезбедување услуги (собирање и транспорт на отпад) на што е можно повеќе корисници**								
Цел 1.1	Подобрено собирање и транспортирање на отпадот преку планирање								
Акција 1.1.1	**Мапирање на пречки кои го спречуваат лесниот пристап до корисниците вклучувајќи ги и ранливите групи**								
Координација со:	САЛАР								
Активност		Времетраење	Временска рамка (квартално или полугодишно)	Одговорни за спроведување (сектор, одделение)	Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)	Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)	Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)	Почетна состојба (на ниво на акција)	Цел/индикатор (на ниво на акција)
1.1.1.1	Идентификување на населени места кои не се вклучени во системот за собирање на отпадот	1 месец	1/2024	Одделение за животна средина	/	/	/	Населените места кои не се вклучени во системот за собирање отпад не се целосно идентификувани/мапирани	Идентификување на населените места кои не се вклучени во системот Изработен план и финасиска исплатливост за нивно вклучување Мапирана најмалку една пречка која го отежнува пристапот на лица од ранливи групи
1.1.1.2	Анализа како да ги вклучиме, заедно со финансиска конструкција и исплатливост за вклучување	3 месеци	2/2024	Одделение за животна средина	30,000.00 ден	општински буџет	Техничка поддршка од САЛАР		
1.1.1.3	Изработка на план за вклучување на дополнителни населени места во системот за собирање на отпад во согласност со анализата (предлог кое ЈКП/приватно да стопанисува со новите населени места, колку нови населени места и на каков начин ќе се покрие собирањето и транспортот на отпад)	2 месеци	3/2024	Одделение за животна средина	50,000.00 ден	општински буџет	Консултација со експерт за управување со отпад и финансии		
Приоритет 1	**Обезбедување услуги (собирање и транспорт на отпад) на што е можно повеќе корисници**								
Цел 1.2	Зголемен возен парк и број на канти/контејнери								
Акција 1.2.1	**Идентификување на извори на финансирање и ефективно финансиско планирање**								
Координација со:	САЛАР								
Активност		Времетраење	Временска рамка (квартално или полугодишно)	Одговорни за спроведување (сектор, одделение)	Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)	Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)	Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)	Почетна состојба (на ниво на акција)	Цел/индикатор (на ниво на акција)
1.2.1.1	Назначување на одговорно лице/лица за следење на актуелни финансиски извори	1 месец	1/2024	Одделение за ЛЕР	/	/	Координација со одделение за животна средина и САЛАР	Не постои редовно следење на извори на финансирање	Изворите на финансирање редовно се следат и се подготвуваат полугодишни извештаи
1.2.1.2	Следење на актуелни или идни повици за финансирање	24 месеци	1/2024 - 4/2025	Одделение за ЛЕР	/	/	Координација со одделение за животна средина и САЛАР		
1.2.1.3	Подготовка на полугодишен извештај за извори за финансирање и финансиско планирање	24 месеци	1/2024 - 4/2025	Одделение за животна средина	150,000.00 ден	општински буџет	Координација со одделение за животна средина и САЛАР		
Приоритет 2	**Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад**								
Цел 2.2	Создавање на пресретлива/поволна средина за селекција на отпадот								
Акција 2.2.1 и 2.2.2	**Анализа на пазарот на материјали и трошоци за селекција и рециклирање на отпад**								
Координација со:	САЛАР								
Активност		Времетраење	Временска рамка (квартално или полугодишно)	Одговорни за спроведување (сектор, одделение)	Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)	Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)	Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)	Почетна состојба (на ниво на акција)	Цел/индикатор (на ниво на акција)

2.2.1.1	Ангажман на експерт за спроведување на анализата	1 месец	1/2024	Одделение за животна средина	/	Донаторска поддршка - Сида/САЛАР	Координација со САЛАР	Не постои сеопфатна анализа	Подготвена анализа на пазарот на материјали Дефинирана најмалку една можност/придобивка која специфично се однесува на жените при селекција и рециклирање на отпад
2.2.1.2	Спроведување на сеопфатна анализа на пазарот според однапред утврдена методологија	2 месеца	2/2024	Одделение за животна средина	/	Донаторска поддршка - Сида/САЛАР	Координација со експерт за отпад, одделение за ЛЕР и експертска поддршка од САЛАР		
2.2.1.3	Изработка на извештај за можности за селекција и рециклирање на отпад и трошоци/придобивки	1 месец	2/2024	Одделение за животна средина и ЛЕР	150,000.00 ден	Донаторска поддршка - Сида/САЛАР	Координација со експерт за отпад, одделение за ЛЕР и експертска поддршка од САЛАР		
Приоритет 2	**Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад**								
Цел 2.2	Создавање на пресретлива/поволна средина за селекција на отпадот								
Акција 2.2.3	**Мобилизирање на поддршка за воведување систем за селекција на отпад**								
Координација со:	засегнати страни и САЛАР								
Активност		Времетраење	Временска рамка (квартално или полугодишно)	Одговорни за спроведување (сектор, одделение)	Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)	Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)	Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)	Почетна состојба (на ниво на акција)	Цел/индикатор (на ниво на акција)
2.2.3.1	Анализа за потребна опрема за селекција и локации за поставување на опрема	2 месеци	3/2024	Одделение за животна средина	/	/	Во соработка со ЈКП и координација со САЛАР	Не е изработена анализа за потребна опрема за селекција и локации за поставување на опрема	Изработена анализа за потребна опрема за селекција и локации за поставување на опрема Подготвен план за понатамошно постапување со селектираниот отпад од пакување Определена пилот населба за отпочнување со селекција на отпад и отпочнување со реализација на планот
2.2.3.2	Анализа за вклучување на домаќинства во примарна селекција (планирање за вклучување на градските домаќинства и поголемите населени места, потребна опрема и останати ресурси, распоред за собирање на селектиран отпад од пакување)	2 месеци	3/2024	Одделение за животна средина	/	/	Во соработка со ЈКП и координација со САЛАР		
2.2.3.3	Подготовка на план за понатамошно постапување со селектираниот отпад од пакување	3 месеци	4/2024	Одделение за животна средина	/	/	Во соработка со ЈКП и координација со САЛАР		
2.2.3.4	Подготовка на план за пилот населба за отпочнување со селекција на отпад и отпочнување со реализација	1 месец	4/2024	Одделение за животна средина	/	/	Во соработка со ЈКП и координација со САЛАР		
Приоритет 2	**Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад**								
Цел 2.3	Создавање на пресретлива/поволна средина за селекција на отпадот								
Акција 2.2.4	**Подигнување на јавната свест и мотивирање на населението за придобивките од селекцијата на отпад**								
Координација со:	засегнати страни и САЛАР								
Активност		Времетраење	Временска рамка (квартално или полугодишно)	Одговорни за спроведување (сектор, одделение)	Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)	Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)	Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)	Почетна состојба (на ниво на акција)	Цел/индикатор (на ниво на акција)

2.2.4.1	Формирање на работна група во ЈКП заедно со граѓани (претставници на МЗ) и претставници од општини која ќе ги спроведува активностите за едукација и подигнување на јавната свест	1 месец	2/2024	Одделение за животна средина и ЈКП Лабуништа	/	/	Координација со ЈКП Лабуништа и месни заедници	Потребна е едукација на вработените во ЈКП за подигнување на свеста и мотивирање на населението за придобивките од селекција на отпад Постои потреба од подигнување на нивото на информираност на населението за придобивките од селекцијата на отпад	Изработен е план за доедукација на вработените во ЈКП и истиот е пилотиран Подигнување на степенот на информираност кај населението за придобивките од селекција на отпад Спроведена најмалку една активност специфично наменета за подигнување на степенот на информираност на ранливите групи
2.2.4.2	Подготовка на план за работа и спроведување на активности за едукација	1 месец	3/2024	Одделение за животна средина и ЈКП Лабуништа	/	/	Координација со ЈКП Лабуништа и Техничка поддршка од САЛАР		
2.2.4.3	Спроведување на обуки за работна група со цел доедукација	3 месеци	3/2024	Одделение за животна средина и ЈКП Лабуништа	Дополнително ќе се одреди	Општински буџет, донатори	Координација со ЈКП Лабуништа и Техничка поддршка од САЛАР		
2.2.4.4	Спроведување на обуките-Пилот едукации во Лабуништа и Струга	3 месеци	4/2024	Одделение за животна средина и ЈКП Лабуништа	Дополнително ќе се одреди	Општински буџет, донатори	Координација со ЈКП Лабуништа и Техничка поддршка од САЛАР		
2.2.4.5	Спроведување на кампања за подигнување на свеста за придобивките од селекција на отпад	18 месеци	3/2024 - 4/2025	Одделение за животна средина и ЈКП Лабуништа	200,000.00 ден	Донаторска поддршка - Сида/САЛАР	Поодршка и координација со САЛАР, месни заедници и други засегнати страни		
Приоритет 3	**Намалување на количините за органски отпад кои завршуваат на депонија**								
Цел 3.1	Создавање пресретлива средина за селекција на органски отпад								
Акција 3.1.1 и 3.1.2	**Анализа на количини и модели на органски отпад и исплатливост и придобивки за селекција и третман на органски отпад**								
Координација со:	САЛАР								
Активност		Времетраење	Временска рамка (квартално или полугодишно)	Одговорни за спроведување (сектор, одделение)	Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)	Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)	Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)	Почетна состојба (на ниво на акција)	Цел/индикатор (на ниво на акција)
3.1.2.1	Ангажман на експерт за изработка на анализата	1 месец	1/2024	Одделение за животна средина	/	Донаторска поддршка - Сида/САЛАР	Координација со САЛАР	Не постои анализа на количини и модели на органски отпад	Подготвена анализа со препораки за исплатливост и придобивки од селекција на органски отпад Дефинирана најмалку една можност/придобивка која специфично се однесува на жените при селекција и третман на органски отпад
3.1.2.2	Спроведување на анализа за количини и модели на органски отпад	2 месеца	2/2024	Одделение за животна средина	/	Донаторска поддршка - Сида/САЛАР	Координација со експерт за отпад, одделение за ЛЕР и експертска поддршка од САЛАР		
3.1.2.3	Подготовка на извештај за количини и модели на органски отпад со препораки за исплатливост и придобивки од селекцијата	1 месец	2/2024	Одделение за животна средина	150,000.00 ден	Донаторска поддршка - Сида/САЛАР	Координација со експерт за отпад, одделение за ЛЕР и експертска поддршка од САЛАР		
Приоритет 3	**Намалување на количините за органски отпад кои завршуваат на депонија**								
Цел 3.1	Создавање пресретлива средина за селекција на органски отпад								
Акција 3.1.4	**Подигнување на јавна свест за селекција и третман на органски отпад**								
Координација со:	САЛАР								
Активност		Времетраење	Временска рамка (квартално или полугодишно)	Одговорни за спроведување (сектор, одделение)	Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)	Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)	Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)	Почетна состојба (на ниво на акција)	Цел/индикатор (на ниво на акција)

3.1.4.1	Изработка на план за едукација во училишта, градинки, ресторани, јавно информирање и спроведување на кампањи	1 месец	3/2024	ЈКП	/	/	Одделение за животна средина и техничка поддршка од САЛАР	Нема утврден план за подигнување на јавната свест на различни засегнати страни за третман на органски отпад Ниско ниво на информираност на населението за селекција и третман на органски отпад	Изработен план за подигнување на јавната свест на различни засегнати страни за третман на органски отпад Подигнат степен на информираност кај населението и засегнатите страни за придобивките од селекција и третман на органски отпад Спроведена најмалку една активност специфично наменета за подигнување на степенот на информираност на ранливите групи
3.1.4.2	Реализација на планот за едукација на различни засегнати страни	3 месеци	4/2024	ЈКП	20,000.00 ден	општински буџет	Одделение за животна средина и техничка поддршка од САЛАР		
3.1.4.3	Подигнување на јавната свест и мотивирање на населението за селекција на органски отпад	18 месеци	3/2024 - 4/2025	ЈКП	200,000.00 ден	Донаторска поддршка - Сида/САЛАР	Техничка поддршка од САЛАР		
Приоритет 5	**Затварање и санација на ѓубришта**								
Цел 5.1	Изработени се општински планови за затворање и санација								
Акција 5.1.1 и 5.1.2	**Мапирање на општински ѓубришта и проценка на трошоците за расчистување**								
Координација со:	САЛАР								
Активност		Времетраење	Временска рамка (квартално или полугодишно)	Одговорни за спроведување (сектор, одделение)	Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)	Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)	Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)	Почетна состојба (на ниво на акција)	Цел/индикатор (на ниво на акција)
5.1.1.1	Формирање на работна група и план за работа	1 месеци	2/2024	ЈКП	/	/	Координација со САЛАР	Општинските ѓубришта не се ажурирани Не постои катастар на податоци за депонии/ѓубришта Нема спроведена проценка за трошоците за расчистување на депониите Не постои регионална база на податоци	Мапирани се сите диви депонии на територија на Општина Струга Депониите се претставени на мапа (катастар на загадувачи за општината) Направена е проценка на трошоците за санација/расчистување Креирана е регионална база на податоци за ѓубришта
5.1.1.2	Развивање на катастар на ѓубришта и диви депонии	3 месеци	3/2024	ЈКП	/	/	Одделение за животна средина, Одделение за инспекциски надзор		
5.1.1.3	Изработка на проценка на трошоците за расчистување на диви депонии	3 месеци	3/2024 - 4/2024	ЈКП	150,000.00 ден	Донатор	Техничка поддршка од САЛАР		
5.1.1.4	5.1.1.3 Изработка на регионална база на мапирани ѓубришта	6 месеци	1/2025 - 2/2025	ЈКП	150,000.00 ден	Донаторска поддршка - Сида/САЛАР	Техничка поддршка од САЛАР		
Приоритет 5	**Затворање и санација на ѓубришта**								
Цел 5.2	Постигнати се општинските планови за затворање и санација								
Акција 5.2.1	**Спроведување на планот според поставените приоритети**								
Координација со:	САЛАР								
Активност		Времетраење	Временска рамка (квартално или полугодишно)	Одговорни за спроведување (сектор, одделение)	Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)	Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)	Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)	Почетна состојба (на ниво на акција)	Цел/индикатор (на ниво на акција)
5.2.3.1	Приоретизација на диви депонии согласно големината и расчистување согласно големината	1 месец	4/2024	ЈКП	/	/	Техничка поддршка од САЛАР		Општинските ѓубришта/депонии се ажурирани и направена е приоретизација за санација/расчистување
5.2.3.2	Расчистување на диви депонии (само комунален отпад) и транспорт до општинската депонија	3 месеци	4/2024 - 1/2025	ЈКП	/	/	/		

5.2.3.3	Отворање постапка за набавка на најповолен понудувач за подигање на сметот од дивите депонии (градежен шут и други фракции кои неможат да се депонираат на општинска депонија)	2 месеци	4/2024 - 1/2025	ЈКП	/	/	Координација со Одделение за јавни набавки	Општинските ѓубришта/депонии не се ажурирани и нема направена приоретизација	Отворена е постапка за набавка на најповолен понудувач за подигање на сметот од дивите депонии Отпадот од дивите депонии се расчистува и се спроведува надзор над работата на операторот
5.2.3.4	Расчистување на отпадот кој не може да се депонира на општинската депонија и надзор над работата на операторот	3 месеци	4/2024 - 1/2025	ЈКП	1,000,000.00 ден	општински буџет	/		
Приоритет 6	**Обезбедување приход кој целосно ќе ги покрие трошоците за управување со отпад**								
Цел 6.1	Спроведена е анализа за пропустите во надоместоците за отпад								
Акција 6.1.1	**Идентификување на јазот помеѓу приходите и расходите на активностите за управување со отпад**								
Координација со:	ЈП Комунално Струга и САЛАР								
Активност		Времетраење	Временска рамка (квартално или полугодишно)	Одговорни за спроведување (сектор, одделение)	Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)	Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)	Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)	Почетна состојба (на ниво на акција)	Цел/индикатор (на ниво на акција)
6.1.1.1	Формирање на мешовит тим од ЈП Комунално и Општина Струга за идентификација на јазот помеѓу приходите и расходите	1 месец	2/2024	Одделение за животна средина – Општина Струга Сектор за сметководство и финансии – ЈП Комунално - Струга и другите јавни претпријатија од општина Струга	/	/	Експертска поддршка од САЛАР	Не постои анализа за јазот меѓу приходите и расходите	Подготвен извештај со препораки за надминување на јазот помеѓу приходите и расходите
6.1.1.2	Прибирање на податоци и анализа на сметководствената документација и донесување заклучоци и извештаи	3 месеци	2/2024 - 3/2024	Одделение за животна средина – Општина Струга Сектор за сметководство и финансии – ЈП Комунално - Струга и другите јавни претпријатија од општина Струга	30,000.00 ден	општински буџет	Експертска поддршка од САЛАР		
6.1.1.3	Изготвување на извештај со предлози за намалување на јазот помеѓу приходите и расходите и нивно проследување за донесување на соодветни одлуки	3 месеци	3/2024 - 4/2024	Одделение за животна средина – Општина Струга Сектор за сметководство и финансии – ЈП Комунално - Струга и другите јавни претпријатија од општина Струга	200,000.00 ден	Донаторска поддршка - Сида/САЛАР	Експертска поддршка од САЛАР		

5 Следење на реализација на ЛАП и известување

Следењето, верификацијата на податоците и известувањето на овој ЛАП за одржливо управување со отпад ќе играат клучна улога во неговото ефикасно спроведување. Методите кои ќе бидат применети за следење на неговата реализација ќе имаат цел да го осигураат напредокот кон постигнување на целните индикатори за секоја од акциите на овој ЛАП.

За непрекинато следење на ЛАП е предвидено општинската работната група за управување со отпад да се среќава по потреба, но најмалку еднаш месечно. На таа средба ќе се координираат активностите и дискутира напредокот во реализацијата со осврт на сработеното и воочените потешкотии. За утврдување на степенот на реализација, ажурирање на активностите и анализа на сработеното, предвидена е евалуација на ЛАП кон крајот на првата година (2024). Ова ќе гарантира дека ЛАП ќе остане динамичен плански документ кој одговара на новоидентификуваните потреби и предизвици. Искуството стекнато во процесот како и научените лекции ќе бидат од непроценлива важност при изработката на новиот Регионален план за управување со отпад 2026-2031.

Континуираното известување и комуникација со сите актери вклучени во реализацијата на планот ќе овозможи навремени прилагодувања, на тој начин зголемувајќи ја приспособливоста и ефективноста на ЛАП. Модалитети на меѓуопштинска соработка се веќе вклучени во планот што ќе овозможи споделување на добрите пракси и научените лекции со другите општини во регионот. Два ротирачки члена на управниот одбор на проектот „Одржливо управување со отпад на локално ниво“ доаѓаат од општините во пелагонискиот и југозападниот регион што ќе овозможи блиска комуникација со донаторската задница и засилена поддршка за реализација на активностите од планот.

Користењето на различни алатки како што се истражувања и теренски активности, заедно со верификацијата на податоците од општинската евиденција, извештаите и повратните информации од засегнатите страни и граѓаните, ќе ја гарантира веродостојноста на процесот на следење.

Посветеноста на општината кон континуирано следење и известување на овој ЛАП не само што ќе го зајакне неговиот кредибилитет, туку и ќе воспостави основа за донесување одлуки базирани на докази, промовирајќи го одржливото управување со отпадот во нашата општина.

Табелата подолу ги опишува очекуваните еколошки, социјални и економски влијанија на Локалниот акциски план (ЛАП), истовремено осигурувајќи дека неговата имплементација останува усогласена со принципите на одржливост, избегнувајќи негативни последици врз животната средина и социо-економските можности на жителите во општината.

Бр.	Прашања	Да	Не	Забелешка
1	Дали ЛАП ќе има негативно влијание врз животната средина? Дали ова влијание е големо, без преседан и неповратно? Објаснете накратко		√	Не се очекува негативни влијанија врз животната средина од реализацијата на ЛАП
2	Дали влијанието оди вон рамките на планот? Дали реализацијата на планот оди вон рамките на планирањето? Објаснете накратко		√	Влијанието нема да излегува од рамките на планот
3	Дали планот вклучува промени или деградација на природните живеалишта? Објаснете накратко		√	Не се очекува никаква деградација на природните живеалишта ниту пак промени
4	Дали планот ќе го влоши квалитетот на водата во општината?		√	Не, напротив. Со планот се очекува директно да се влијае позитивно на квалитетот на водата
5	Дали планот ќе го влоши квалитетот на почвата во општината?		√	НЕ
6	Дали ЛАП има негативно социјално влијание? Дали ова влијание е големо, без преседан и неповратно? Објаснете накратко		√	Не се очекуваат негативни влијанија
7	Дали планот има влијание врз материјални и/или културни ресурси кои што се значајни за локалната заедница? Објаснете накратко		√	Не се очекуваат промени и влијанија врз материјалните и/или културните ресурси значајни за локалната заедница
8	Доколку постојат повеќе етнички заедници во вашата општина, дали реализација на планот ќе има негативно влијание врз квалитетот на живот на некои од нив? Објаснете накратко		√	Не се очекуваат негативни влијанија за етничките заедници
9	Дали планот ги зема предвид жените и младите девојки како посебна група граѓани и дали ќе има влијание врз квалитетот на нивниот живот? Објаснете накратко	√		Да, во планот се земаат предвид сите групи граѓани (жени, деца, девојки)
10	Дали планот ги зема предвид ранливите групи граѓани и дали ќе има влијание врз квалитетот на нивниот живот? Објаснете накратко	√		Да, планот ги зема во предвид и ранливите групи на граѓани и ќе има позитивно влијание врз квалитетот на живот.
11	Дали планот вклучува губење на имот или средства за живот на жителите во општината? Објаснете накратко		√	Не
12	Дали планот ќе има негативно влијание врз економските можности и пристапот до пазарот на труд на жителите на општината? Објаснете накратко		√	Не, напротив овозможува позитивни влијанија врз економските можностите но и нови можности за пазарот на труд

6 Вклученост на засегнатите страни и комуникациска стратегија

Во мисијата да го подобриме управувањето со отпадот и да придонесеме кон поздрава животна средина во нашата општина, нашиот комуникациски пристап ќе се стреми кон активно вклучување на граѓаните и засегнатите страни, позиционирајќи ги како клучни актери во процесот на трансформација кон одржливи пракси. Преку ефективна комуникација, ќе настојуваме да негуваме заеднички идентитет на еколошки свесна општина, користејќи ги дигиталните комуникациски канали и другите средства за информирање кои ни стојат на располагање.

Нашата намера е активно да ги вклучиме граѓаните и засегнатите страни во заедничките напори на општината да ги имплементира активностите од ЛАП. Остварувањето на целите од планот бара поголема свесност, промени во односот на населението кон отпадот и трансформативни промени во начинот на кој комуналните претпријатија се справуваат со отпадот. Колективна посветеност кон одржливи пракси за управување со отпад кај секој граѓанин во нашата заедница ќе се постигне преку програмата за кревање на јавната свест, едукативните програми и таргетираните кампањи за поддршка на одредени активности од ЛАП и програмите за јакнење на капацитетите на општините и комуналните претпријатија.

Активното вклучување на засегнатите страни во сферата на отпадот (кои што беа идентификувани на почетокот на процесот за изработка на ЛАП) ќе биде најважниот аспект на нашата комуникациска стратегија. Во нашите напори за почиста и поодржлива општина, ние ќе настојуваме да ги вклучиме сите членови на заедницата, вклучувајќи ги бизнисите, невладините организации, медиумите, неформалниот сектор, како и јавните институции. ЛАП, неговото спроведување и сите негови промени ќе бидат отворено комуницирани и коментарите ќе бидат земени предвид. Комуникациските канали ги вклучуваат социјалните мрежи, веб страницата на општината, емаил, радио, телевизија и директна комунникација со општинската администрација. Нашиот пристап за вклучување на засегнатите страни ќе биде воден од принципите на отворена комуникација, инклузивност и заедничко одлучување.

Преку негувањето силни врски со засегнатите страни, имаме за цел да изградиме мрежа за поддршка која активно ќе придонесува кон исполнување на целите и приоритетите од акцискиот план за управување со отпад. Со заеднички напори, ќе настојуваме да ја искористиме колективната мудрост и различните перспективи, на тој начин осигурувајќи дека нашите постапки се целосно усогласени со потребите и желбите на целата заедница. Реализацијата на планот зависи од сите нас.

Изјава за транспарентност

Почитувајќи ги принципите на одговорно владеење, Општина Струга ја препознава важноста на справување со ризиците од корупција за време на имплементацијата на овој акциски план. Тргнувајќи од тоа, ние сме целосно посветени на спроведување соодветни антикорупциски мерки за да обезбедиме транспарентност и правичност во нашите активности за управување со отпад.

Оваа заложба е во согласност со нашата цел да промовираме одговорни пракси, да ги заштитиме ресурсите, како и да промовираме пристап кој целосно ги заштитува интересите на заедницата при реализацијата на активностите од овој ЛАП за управување со отпад.

При реализацијата на овој акциски план, нашата основна цел ќе бидеме постојано будни и да ги препознаеме појавите на нетранспарентни пракси, и на тој начин да создадеме средина која дава приоритет на интегритетот и одговорното управување со отпадот на локално ниво.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Струга, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за донесување на Програма за родова еднаквост

1.Се објавува Одлуката за донесување на Програма за родова еднаквост, бр.08-3224/13 донесена од Советот на Општина Струга на 38-мата седница, одржана на 30.08.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струга“.

Бр./Nr. 09-3367/10
05.09.2024
СТРУГА / STRUGË

Në bazë të nenit 50 paragrafi 1 pika 3 të Ligjit për vetëqeverisje lokale (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr.5/2002), Kryetari i Komunës së Strugës, miratoi

K O N K L U Z I O N
për publikimin e Vendim për miratimin e programit për barazi gjinore

1.Publikohet Vendimi për miratimin e programit për barazi gjinore, nr.08-3224/13 miratuar nga Këshilli i Komunës së Strugës në mbledhjen e 38-të, mbajtur në datë 30.08.2024.

2.Konkluzioni hyn në fuqi me ditën e miratimit, kurse do të publikohet në “Informatorin zyrtar të komunës së Strugës”.

ОПШТИНА СТРУГА
Градоначалник,
Д-р Рамис Мерко, с.р.

KOMUNA E STRUGËS
Kryetar i komunës,
Dr. Ramis Merko, d.v.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 88 став 2 од Статутот на општина Струга („Службен гласник на општина Струга„ бр.2/18, 10/19, 22/19, 11/20, 12/22 и 14/22), Советот на Општина Струга на 38-мата седница одржана на 30.08.2024 година, донесе

О Д Л У К А
за донесување на Програма за родова еднаквост

Член 1

Со оваа одлука се донесува Програма за родова еднаквост на Општина Струга.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Програмата за родова еднаквост на Општина Струга.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струга“.

Бр./Nr. 08-3224/13
30.08.2024
СТРУГА / STRUGË

СОВЕТ НА ОПШТИНА СТРУГА
Претседател на Совет,
Арбереша Влаши, с.р.

Në bazë të nenit 36 paragrafi 1 pika 9 nga Ligji për vetëqeverisje lokale (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr.5/02) dhe nenit 88 paragrafi 2 të Statutit të Komunës së Strugës (“Informatori zyrtar i komunës së Strugës” nr.02/18 10/19, 22/19, 11/20, 12/22 dhe 14/22), Këshilli i Komunës së Strugës në mbledhjen e 38-të, mbajtur më 30.08.2024, miratoi

V E N D I M
për miratimin e programit për barazi gjinore

Neni 1

Me këtë Vendim miratohet Programi për barazi gjinore të Komunës së Strugës.

Neni 2

Pjesë përbërëse e këtij Vendimi është Programi për barazi gjinore të Komunës së Strugës.

Neni 3

Vendimi hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e publikimit në “Informatorin zyrtar të komunës së Strugës”.

KËSHILLI I KOMUNËS SË STRUGËS
Kryetar i Këshillit,
Arbëresha Vlashi, d.v.

Предлог образец за подготовка на локални програми
(терк за програми)

Наслов на програмата (пример: Програма за родова еднаквост)	
Град/општина	Струга
Сектор (организациона единица) **надлежен за спроведување на програмата**	Координатор за еднакви можности, КЕМ во соработка со Одделенија за образование, социјала
Вид на програмата	☐ Хоризонтална + ☐ Вертикална
Правна основа	✓ Законски обврски (локална самоуправа, закон за темата/областа, ЗЕМ, дискриминација и сл) ✓ Обврски од национални Стратегии:, , Национална стратегија за родова еднаквост 2022-2026
1. Вовед/опис на програмата	- Програмата за родова еднаквост за 2024 година има за цел : - да ја вклучи родовата перспектива во програмите за образование и социјална заштита во Општина Струга

	- јакнење на свеста и капацитетите на носителите на активностите – членовите на КЕМ во соработка со координаторот за еднакви можности и останантите сектори за вклучување на родовата перспектива во програмите и области каде што тој родов јаз е нај очигледен.
2. Процес на донесување на програмата или идентификување на точки за подобрување	Предлог програмата е донесена врз основа на: -Анализирајки ја положбата на младите родители кои што имаат грижа за своите деца кои се наоѓаат во процесот на образованието и коишто после школо немаат каде да седат до крајот на работниот ден анализите покажуваат дека неопходно е во градските основни училишта да се отвараат паралелки за целодневен престој. - Податоците добиени од школите се доста интересни и ја налагаат таа потреба во двете градски училишта. Заинтересирани родители за целодневен престој од прво до трето одделение вкупно се 87 во ООУ „Јосип Броз Тито„ и 85 во ООУ „Браќа Миладиновци „ од трите наставни јазици (не добивме податоци за полова структура). - Еднократна помош на еднородителски семејства на почеток на учебна година . Ваква активност е потребна имајки во обзир дека животните трошоци се доста зголемени (трошоците во месец септември влијае многу на џебот на семејствата) и заради тоа спрема податоците од Секторот за образование 167 ученици во основно образование се деца на еднородителски семејства . - Унапредување на здравјето на граѓаните – жени, мажи, момчиња и девојчиња. Акцент е да се буди свеста за разните болести кои што би допринеле кон намалување на смртноста на населението. - Како потреба се појавува и борбата за семејно насилство и посебно насилство кон жената (стравот на жената да пријави е причина на која што законодавецот потребно е да воведе построги правила за насилниците) - Кога би направиле паралела со 2023 година спрема официјални податоци од МВР – Струга вкупно пријавени имало 77 поплаки во врска со семејно насилство , против 88 лица од кои 65 мажи и 23 жени. Како жртви се : сопруга 18, сопруг 3, син/ќерка 3, родител 16, поранешен брачен другар 7, лице од вонбрачна аедница 4 и останата роднинска поврзаност 35 лица. Исто така во текот на 2023 година поднесени биле 17 кривични пријави за 17 лица сторители на кривични дела и тоа 11 телесна повреда и 6 загрозување на сигурноста кои што по КЗ се казниви. Од овие 17 лица сите сторители се мажи , додека како жртви се 15 жени (сопруга 5, ќерка 1, мајка 2, поранешна сопруга 1, сопруга во вонбрачна заедница 4 и останата

	роднинска поврзаност 3 лица). Од 01.01.-30.06.2024 година пријавени поплаки во врка со семејно насилство 38 лица од кои 33 мажи 7 жени. Жртви се: 12 сопруги, сопруг 2, син/ќерка 6 родител 10, лице од вонбрачна заедница 1 и останата роднинска поврзаност 12 лица. Во овој период од изминати 6 месеци насилничко однесување на 2 малолетни лица за кои по пријава за нарушување на јавен ред полициските службеници изготвувале прекршочни пријави во рамките на соодветни законски мерки. Овие податоци за жал покажуваат дека насилство од било која категорија има но треба да се размисли како да се реагира на повисоко ниво за да има препораки законодавецот да донесе по ригорозни мерки. Има случаи каде стравот на жената да пријави е голем бидејќи насилникот се враќа дома и за жал малтретирањето продолжува.
3. Цел на програмата или цели и опис	Целта на Програмата за еднакви можности е да поттикнеме родовите јазови да се намалат во повеќе области а преку тоа би довеле до унапредување на родовата еднаквост што ни е и како обврска од ЗЕМ.
4. Мерки (или тематска област)	Мерка 1 Отварање на паралелки за целодневен престој во двете градски основни училишта. Број на ученици момчиња и девојчиња вкупен број на ученици 172 во двете градски училишта . Се предвидува буџет од 150.000 денари кои би послужиле за набавка на наставни средства за училиштата. Општината во соработка со директорите на двете градски ООУ ќе помогне во реализација на оваа активност. Мерка 2 Број на ученици – момчиња и девојчиња од основно образование . Вкупен број на еднородителски семејства во основно образование 167 (податоците добиени од Секторот за образование). Предвидени средства се 300.000 денари (помошта да биде по 1000 денари на ученик). Мерка 3 Унапредување на здравјето на граѓаните – жени, мажи, момчиња и девојчиња. Добиени податоци од здравствени установи за бројот на заболени жени и мажи од тешки болести (малигни болести, дијабет и хипертензија) месечно 44 болни и не водат полова структура. За жал бројките на болни од тешките болести има пораст и заради подигнување на свеста на луѓето има потреба од оддржување на повеќе неформални средби, трибини со населението, како општина да налагаме систематски прегледи

	бесплатни за лица од возрасна група 40-50 години како би се открила болеста и со најмал симптом.
5. Очекувани резултати од мерките	Доколку се успее да се постигне согласност за отварање на паралелките за целодневен престој договор на општината со директорите околу простор, кадар и нагледни средства ќе се реши голем проблем на родителите кои ќе имаат обезбедена грижа за децата додека се на работа. Ова е долгорочна работа која што треба од година во година повеќе да се актуелизира. Постојаните активности за спречување на смртоносните болести ќе биде еден мотив да мажите, жените момчињата и девојчињата се посвесни и побрзо да биде реакцијата за нај мал симптом. Што се однесува до борбата за семејно насилство и насилство врз жената и девојчињата тоа е една континуирана активност на сите засегнати страни.
6. Ризици	Кои се претпоставките и ризиците за реализација на програмата (доколку ги има)
7. Буџет на програмата и извори на финансирање	Збир од буџетите на мерките кои пак се збир од буџетите за активности - Бкупен буџет 700.000 денари од буџетот на Општина Струга.
8. Следење и известување/евалуација	Кој ќе го следи извршувањето на програмата? - Извештај еднаш годишно за реализираните активности од Програмата за еднакви можности изготвува координаторот за еднакви можности. Извештајот оди на КЕМ и после тоа оди на седница на Совет на Општина Струга - Како податоци за реализираните активности се поставените обврски со програмата. - Промоција на реализирани активности - Содржина на извештај: наративен дел, реализирани активности,зошто не се реализирале активности, родова статистика на корисници.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Струга, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за одредување на земјиште за привремено кампирање

1.Се објавува Одлуката за одредување на земјиште за привремено кампирање, бр.08-3224/14 донесена од Советот на Општина Струга на 38-мата седница, одржана на 30.08.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струга“.

Бр./Nr. 09-3367/11
05.09.2024
СТРУГА / STRUGË

Në bazë të nenit 50 paragrafi 1 pika 3 të Ligjit për vetëqeverisje lokale (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr.5/2002), Kryetari i Komunës së Strugës, miratoi

K O N K L U Z I O N
për publikimin e Vendim për përcaktimin e tokës për kampim të përkohshëm

1.Publikohet Vendimi për përcaktimin e tokës për kampim të përkohshëm, nr.08-3224/14 miratuar nga Këshilli i Komunës së Strugës në mbledhjen e 38-të, mbajtur në datë 30.08.2024.

2.Konkluzioni hyn në fuqi me ditën e miratimit, kurse do të publikohet në “Informatorin zyrtar të komunës së Strugës”.

ОПШТИНА СТРУГА
Градоначалник,
Д-р Рамис Мерко, с.р.

KOMUNA E STRUGËS
Kryetar i komunës,
Dr. Ramis Merko, d.v.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 88 став 2 од Статутот на општина Струга, („Службен гласник на општина Струга“ бр.2/18, 10/19, 22/19, 11/20, 12/22 и 14/22) и член 9 од Законот за автокампови („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/2013, 152/2015 и 31/2016), а во врска со барањето на Стојанчо Шопоски од с.Радожда, Струга, на Предлог на Градоначалникот на општина Струга, Советот на општина Струга на 38-ма седница, одржана на ден 30.08.2024 година, донесе

О Д Л У К А
за одредување на земјиште за привремено кампирање

Член 1

Со оваа Одлука земјиштето наведено во барањето бр.08-3110/1 од 15.08.2024 година од Стојанчо Шопоски од с.Радожда, КП бр.471 КО Радожда, се одредува за привремено кампирање.

Член 2

Времетраењето во кое земјиштето може да се користи за кампирање изнесува 15 години.

Në bazë të nenit 36 paragrafi 1 pika 15 të Ligjit për vetëqeverisje lokale (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr.5/2002), nenit 88 paragrafi 2 nga Statuti i komunës së Strugës (“Informatori zyrtar i komunës së Strugës” nr.2/18, 10/19, 22/19, 11/20, 12/22 dhe 14/22) dhe nenin 9 të Ligjit për autokampe (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr.13/2013, 152/2015 dhe 31/2016), në lidhje me kërkesën e Stojanço Shoposki nga f.Radozhdë, Strugë, në propozim të Kryetarit të komunës së Strugës, Këshilli i Komunës së Strugës në mbledhjen e 38-të, mbajtur më 30.08.2024, miratoi

V E N D I M
për përcaktimin e tokës për kampim të përkohshëm

Neni 1

Me këtë Vendim, toka e theksuar te kërkesa nr.08-3110/1 me datë 15.08.2024, nga ana e Stojanço Shoposki nga f.Radozhdë, PK nr.471 KK Radozhdë, përcaktohet për kampim të përkohshëm.

Neni 2

Kohëzgjatja për të cilën toka mund të shfrytëzohet për kampim është 15 vite.

Член 3

Организатор на кампирањето ќе биде Стојанчо Шопоски од с.Радожда.

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Струга.

Neni 3

Organizues i kampimit do të jetë Stojanço Shoposki nga f.Radozhdë.

Neni 4

Vendimi hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në Informatorin zyrtar të Komunës së Strugës.

Бр./Nr. 08-3224/14
30.08.2024
СТРУГА / STRUGË

СОВЕТ НА ОПШТИНА СТРУГА
Претседател на Совет,
Арбереша Влаши, с.р.

KËSHILLI I KOMUNËS SË STRUGËS
Kryetar i Këshillit,
Arbëresha Vlashi, d.v.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Струга, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за разрешување член на Управен одбор во ЈКП „Хигиена“ – с.Лабуништа

1.Се објавува Решението за разрешување член на Управен одбор во ЈКП „Хигиена“ – с.Лабуништа, бр.08-3224/15 донесено од Советот на Општина Струга на 38-мата седница, одржана на 30.08.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струга“.

Бр./Nr. 09-3367/12
05.09.2024
СТРУГА / STRUGË

ОПШТИНА СТРУГА
Градоначалник,
Д-р Рамис Мерко, с.р.

Në bazë të nenit 50 paragrafi 1 pika 3 të Ligjit për vetëqeverisje lokale (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr.5/2002), Kryetari i Komunës së Strugës, miratoi

K O N K L U Z I O N
për publikimin e Aktvendim për shkarkim të anëtarit nga Bordin drejtues në NPK “Higjiena” – f.Labunistë

1.Publikohet Aktvendimi për shkarkim të anëtarit nga Bordin drejtues në NPK “Higjiena” – f.Labunistë, nr.08-3224/15 miratuar nga Këshilli i Komunës së Strugës në mbledhjen e 38-të, mbajtur në datë 30.08.2024.

2.Konkluzioni hyn në fuqi me ditën e miratimit, kurse do të publikohet në “Informatorin zyrtar të komunës së Strugës”.

KOMUNA E STRUGËS
Kryetar i komunës,
Dr. Ramis Merko, d.v.

Врз основа на член 26-а и член 17-ѓ став 2 алинеја 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22 и 274/22), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 88 став 2 од Статутот

Në bazë të nenit 26-a dhe neni 17-gj paragrafi 2 alinea 1 të Ligjit për ndërmarrjet publike (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 dhe 35/19 dhe “Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr.275/19, 89/22 dhe 274/22), nenit 36 paragrafi 1 pika 15 të Ligjit për vetëqeverisje lokale (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr.5/2002), nenit 88 paragrafi 2 të Statutit të Komunës

на Општина Струга („Службен гласник на општина Струга“ бр.2/18, 10/19, 22/19, 11/20, 12/22 и 14/22) и член 136 од Деловникот на Советот на општината Струга („Службен гласник на општина Струга“ бр.4/18), расправајќи по известувањето на Мевмед Халили, Советот на општина Струга, на 38-мата седница одржана на 30.08.2024 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување член на Управен одбор во ЈКП „Хигиена“ – с.Лабуништа

Член 1

Се разрешува од Управен одбор во ЈКП „Хигиена“ – с.Лабуништа, членот Мевмед Халили, по негово барање.

Член 2

Мандатот на членот во Управен одбор во ЈКП „Хигиена“ – с.Лабуништа му престанува заклучно со 30.08.2024 година.

Член 3

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општината Струга“.

